Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”во Скопје
Технолошко-металуршки факултет

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник бр. 13/06, 86/08, 6/10,42/14) и член 50 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Технолошко-металуршки факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, Деканатската управа на факултетот на 8-та редовна седница одржана на 22 март 2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за утврдување листа на информации од јавен карактер за Технолошко-металуршки факултет во Скопје**

**член 1**

Со оваа одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер кои ги создал и со кои располага факултетот во своето работење во реализација на своите надлежности утврдени со закон.

**Член 2**

Листата на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создава факултетот и тоа:

- органи на факултетот (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- внатрешни организациони единици (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- акти на органите на Технолошко-металуршки факултет во Скопје ( *достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- соопштенија во јавноста за тековни активности ( *достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- план за јавни набавки ( *достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- годишни извештаи (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

Настава

- извештаи за студенти (*достапни во извештаите на Заводот за статистика и Универзитетот)*

- извештаи за самоевалуација (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- студиски програми за прв, втор и трет циклус студии (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- распоред на предавања на факултетот, резултати од испит, запишување на студенти во зимски и летен семестар (*достапни на огласни табли на факултетот и веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- практична настава за студентите (*достапни во Центарот за кариера)*

- регистар на наставно-научен кадар (*достапен на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- регистар на соработнички кадар (*достапен на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- библитека (книжен фонд, списанија , билтени и сл.) (*достапни во Библиотека и на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

- рецензии за избор во наставно-научен и соработнички кадар, докторски дисертации и учебници (*достапни ви публикации)*

Научноистражувачка и апликативна дејност

-научни и апликативни проекти (*достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk*)

Меѓународна соработка

- договори за меѓународна соработка *(достапни на веб страна www.tmf.ukim.edu.mk)*

Издавачка дејност

Изданија на факултетот *(достапни во Библиотека)*

Финансиско и материјално работење

Годишен извештај за финансиско-материјално работење *(достапни во Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, централен регистар, Министерство за образование и наука)*

**Член 3**

Заштитени од правото на слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно на Законот за заштита на лични податоци ( од матичното досие на вработените, досие на студентот) и други информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Листата на информации од јавен карактер за Технолошко-металуршки факултет во Скопје се објавува на веб страницата на факултетот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан**
**Проф. д-р Јон Магдески**

Изработил: Д.Анческа

ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР:
м-р Билјана Ампевска-Христовска-виш соработник за деловно работење
Телефон за контакт: 00 389 2 3088 201, 075 223 533
E-mail: dekanat@tmf.ukim.edu.mk
www.tmf.ukim.edu.mk